*Клаузула за спречување на корумпирано однесување*

*<Договорната страна>* е запознаена со обврската на Македонски Телеком АД – Скопје да ги почитува правилата и принципите за спречување на корумпирано однесување што се релевантни за договорните страни и изјавува дека нема да користи пари или друг надомест исплатен од Македонски Телеком АД – Скопје за незаконски цели, вклучувајќи ги и целите со коишто го прекршуваат Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси на Република Северна Македонија, како што се корумпирано давање или предизвикување на давање на директни или индиректни незаконски бенефиции (вклучително и не ограничувајќи се на готовина, попуст, преплатување, придонес, провизија итн.) на кој било јавен службеник/ служба* за да му помогне на Македонски Телеком АД – Скопје или на некој што делува во негово име да стекне или да задржи бизнис со или да го насочи бизнисот кон некое лице или да обезбеди каква било несоодветна предност.

*<Договорната страна>* изјавува дека:

- нејзините членови, раководители, вработени и сопственици не се јавни службеници/ служби; и
- не извршила и нема да изврши корумпирано вработување/ангажирање или на друг начин да надомести или да понуди надомест на било кој владин претставник/ служба, или корумпирано да даде или да предизвика некој друг да даде какви било директни или индиректни незаконски бенефиции на кои било владини претставници/ служби, со цел да влијае или да поттикне каква било одлука во корист на Македонски Телеком АД – Скопје; и
- нема да вработи/ангажира каков било подизведувач, консултант, застапник или претставник во врска со овој договор без темелен документиран преглед на лицето и неговата репутација и интегритет, и
- нема да вработи/ангажира каков било подизведувач, консултант, застапник или претставник којшто не се придржува кон правилата и принципите за спречување на корумпирано однесување и во случај да дојде до сознание за такво прекршување веднаш ќе го информира Македонски Телеком АД – Скопје.

Партнерот ќе соработува со Македонски Телеком АД - Скопје до разумна мера

- Во случај на било каква злоупотреба која се однесува на постапките поврзани со усогласеноста со важечките закони и прописи, особено со прописите за спречување на корупција, каде Македонски Телеком или договорната страна е засегнат/а и/или
- во случај да се појави сомневање поврзано со корупција, секоја од страните располага со информации во врска со таквото сомневање

*Дополнителен став во одредбата којшто го регулира раскинувањето на договорот*

- Македонски Телеком АД – Скопје има право веднаш да го раскине овој договор доколку *<Договорната страна>* го прекрши Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси на Република Северна Македонија или постапи спротивно на одредбите на клаузулата за спречување на корумпирано однесување.

„Јавен службеник“вклучува

- претставници, именувани лица или вработени на (i) влада или кој било сектор, агенција или органи на истите (законодавни, административни и судски), (ii) регионално владино тело, локални општини или (iii) јавна меѓународна организација;
- лица кои постапуваат по службена должност или извршуваат јавна функција за или во име на која било влада или сектор, агенција или органи на истите, регионално владино тело или јавна меѓународна организација;
- претставници на политичка партија (или политичка партија во целина);
- кандидати за јавна служба;
- претставници на меѓународни јавни организации, како што се Обединетите Нации или Светска Банка;
- поединци кои имаат функционален авторитет како службеник, но не се вработени во јавна служба;
- консултанти и специјални советници на јавни служби или јавни службеници;
- службеници и вработени во претпријатија или институции во државна сопственост, дури и оние што работат со комерцијален капацитет, вклучувајќи ги болниците, здравствените институции и универзитетите;

Јавна Служба вклучува централна или регионална, државна, владина, локална владина (вклучително и децентрализирани организации кои работат под надзор на владата) или меѓународна, законодавна, управна или судска организација.